Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПЗУ АПТЕКИТЕ

Скопје, 2025

Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е стратешки купувач на здравствени услуги, во што се сметаат и лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. На примарно ниво на здравствената заштита, осигурениците на Фондот, правото на лек на рецепт на товар на Фондот, го остваруваат преку ПЗУ аптеките, врз основа на пропишан лек на рецепт од избран лекар, согласно законските прописи и договорните одредби од договорот со Фондот.

На обезбедувањето со лекови на товар на Фондот влијаат повеќе фактори:

- ✓ Бројот, видот и количини на лековите што се достапни на пазарот,
- ✓ Бројот и територијалната распределба на приватните здравствени установи (ординации и аптеки) од Мрежата на здравствени установи кои имаат договор со Фондот,
- ✓ Демографската структура,
- ✓ Медицинските потреби,
- ✓ Цените на лековите, од прозводителите/носителите на одобренијата за ставање лекови во промет и Министерството за здравство,
- ✓ Надоместоците/референтните цени по INN генеричко име со дозажна форма и јачина на лек,
- ✓ Надоместоците за услугата што ја вршат ПЗУ аптеките за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт на товар на Фондот,
- ✓ Степенот на примената на добра здравствена и фармацевтска пракса, рационалноста и навиките за работа на кадарот во здравствените установи ПЗУ ординациите и аптеките, и
- ✓ Други фактори.

Следењето на потрошувачката на лекови од Листата на лекови, Фондот го врши во континуитет, по повеќе параметри како што се:

- Број на реализирани рецепти,
- Износи, со и без ДДВ,
- АТК групи на лекови (до 5-то ниво),
- Градови и региони во Македонија,
- Дефинирани дневни дози (ДДД) по методологијата на СЗО,
- Други параметри според достапните податоци.

Овој извештај е подготвен по извршените анализи врз основа на достапните податоци за реализираните рецепти за лекови на товар на Фондот во 2024 година, добиени од информатичкиот систем на Фондот.

Понатаму во овој извештај се прикажани резултатите од спроведените статистички и специфични анализи.

1 - Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ

Потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот во периодот од 2016 до 2024 година покажува континуиран пораст во бројот на реализирани рецепти, па така оваа година имаме зголемување на бројот на реализирани рецепти од ~3,2 %, додека вкупниот фактуриран износ за лекови на товар на Фондот од ПЗУ аптеките е зголемен за 9,75 % во споредба со 2023 година (Табела 1 од овој извештај).

Табела 1. Број на реализирани рецепти и износи, 2016- 2024 година

Година	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Број на рецепти(мил)	22,27	23,09	23,67	24,30	24,55	24,77	25,01	25,30	26,15
% на разлика за истиот период претходната година	5,42%	3,67%	2,50%	2,69%	1,03%	0,89%	0,97%	1,30%	3,20%
Вкупен износ (милијарда денари со 5%ДДВ)	2,63	2,79	2,80	2,82	2,78	2,79	2,83	2,98	3,27
% на разлика за истиот период претходната година	8,26%	6,09%	0,49%	0,72%	-1,38%	0,21%	1,41%	5,46%	9,75%

Како што се гледа од Табелата 1, во 2024 година износот за лекови на рецепт е 3,27 милијарди денари за реализирани 26,15 милиони рецепти.
Зголемената потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот го следи и светскиот тренд за зголемена консумација/потрошувачка на лекови.

1.1 Потрошувачка на лекови на рецепт според меѓународната АТК класификација на лекови на СЗО

1.1.1 Потрошувачка на лекови по АТК, прво ниво


Табела 2. Број на реализирани рецепти по АТК прво ниво, 2022 – 2024 година

Ред. бр.	АТК група на лекови	2022	2023	2024	Удел 2024	Разлика изразена во % 2024/2023	Разлика изразена во % 2024/2022
1	C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	10.274.052	10.220.544	10.490.951	40,12%	2,65%	2,11%
2	A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	4.230.918	4.445.481	4.728.156	18,08%	6,36%	11,75%
3	N - Лекови со дејство на ЦНС	4.025.336	4.058.133	4.166.891	15,93%	2,68%	3,52%
4	J - Антиинфективни лекови за системска употреба	1.787.492	1.840.554	1.806.040	6,91%	-1,88%	1,04%
5	R - Лекови за третман на болести на респираторен систем	1.265.617	1.299.517	1.341.409	5,13%	3,22%	5,99%
6	M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем	1.205.892	1.251.463	1.311.364	5,01%	4,79%	8,75%
7	G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	805.387	827.446	853.315	3,26%	3,13%	5,95%
8	H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	464.259	454.981	527.523	2,02%	15,94%	13,63%
9	B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	370.203	348.232	322.078	1,23%	-7,51%	-13,00%
10	S - Лекови кои делуваат на сензорни органи	294.703	297.492	317.354	1,21%	6,68%	7,69%
11	D - Дерамтолошки лекови	204.696	207.263	191.625	0,73%	-7,55%	-6,39%
12	L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	43.646	42.261	39.825	0,15%	-5,76%	-8,75%
13	P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	22.550	23.543	25.491	0,10%	8,27%	13,04%
14	V - Останато	18.638	20.867	28.125	0,11%	34,78%	50,90%
	Вкупно рецепти	25.013.389	25.337.777	26.150.147	100,00%	3,21%	4,54%

Во Табелата 2 се прикажани бројот на реализирани рецепти за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација (АТК) на лекови според СЗО.

По АТК прво ниво на лековите, за периодот 2022-2024 година се забележува континуиран пораст на бројот на реализирани рецепти за лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ во примарна здравствена заштита, освен за лекови од АТК групата J (Антиинфективни лекови за системска употреба) каде има намалување од околу 1,88 % помалку рецепти во однос на 2023 година, кај антинеопластичните и имуномодулаторни лекови се забележува пад на потрошувачката на реализирани рецепти од околу 5,76 %, лековите од АТК група B (лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи) бележат намалување од 7,51 %, додека кај лековите од АТК групата D (Дерамтолошки лекови) има намалување од околу 7,55 %, споредено со предходната година.

Графикон 1. Споредба на потрошувачката по АТК групи на лекови по рецепти, 2022-2024



Легенда: *A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; D - Дерамтолошки лекови; G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; M - Лекови со дејство на коскено; N - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; R - Лекови за третман на болести на респираторен систем; S - Лекови кои делуваат на сензорни органи; V – Останато*

Во Графиконот 1 даден е приказ на потрошувачката на лекови на АТК прво ниво во последните три години (2022 – 2024 година) од каде може да се забележи дека најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТК групата **C** – лекови за

кардиоваскуларниот систем, кој повторно бележи тренд на зголемена потрошувачка во споредба со предходната 2023 година.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизам (АТК група **А**). За оваа група се реализирани 4,72 милиони рецепти и се бележи зголемување од околу 6,36 % во однос на 2023 година.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТК групата N - лекови со дејство на ЦНС со 4,16 милиони реализирани рецепти што е за 2,68 % повеќе од претходната година.

Лековите од АТС групата **J** – антиинфективни лекови, исто како и во претходните години се на четвртото место според бројот на реализирани рецепти со 1,80 милиони рецепти, а во однос на 2023 година има намалување на бројот на реализирани рецепти од околу 1,88 %.


Од Табела 3 се забележува дека во 2024 година најголема потрошувачка пресметано по дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден се однесува на лековите од АТК групите: С–лекови за кардиоваскуларни болести, А-лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизам, N-лекови со дејство на ЦНС и R-лекови за респираторни болести, исто како и предходните години.

Табела 3. Број на* дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници *на ден, АТК прво ниво, 2022–2024

Ред.бр	АТК група на лекови	2022	2023	2024	Удел 2024	Разлика изразена во % 2024/2023	Разлика изразена во % 2024/2023
1	C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	391,49	394,13	414,38	52,83%	5,14%	5,85%
2	A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и	108,63	114,71	125,38	15,98%	9,30%	15,42%
3	на ЦНС	87,89	88,56	92,56	11,80%	4,52%	5,31%
4	R - Лекови за третман на болести на	33,68	34,25	36,32	4,63%	6,02%	7,83%
5	M - Лекови со дејство на коскено мускулен	30,81	32,20	34,30	4,37%	6,53%	11,33%
6	G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	29,96	31,28	32,78	4,18%	4,77%	9,39%
7	J - Антиинфективни лекови за системска	16,69	17,04	17,22	2,20%	1,08%	3,16%
8	H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со	14,80	14,73	16,87	2,15%	14,56%	13,97%
9	B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните	11,61	10,82	9,99	1,27%	-7,68%	-13,93%
10	S - Лекови кои делуваат на сензорни органи	3,01	3,22	3,48	0,44%	8,27%	15,59%
11	L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	0,95	0,93	0,89	0,11%	-4,44%	-6,05%
12	P - Лекови за лекување на инфекции	0,15	0,16	0,18	0,02%	13,02%	20,35%
13	D - Дерамтолошки лекови	/	/	0,00			
14	V - Останато	/	/	0,00			
	Вкупно:	730	742	784			

Напомена: Одредени лекови од АТК групите D и S, но и во други случаи, немаат дефинирани дневни дози од СЗО и таквите лекови не се опфатени во овие споредби.

Графикон 2. Потрошувачката на лекови по АТК групи, прво ниво, број дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден, 2022- 2024



Легенда: A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; D - Дерамтолошки лекови; G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; M - Лекови со дејство на коскено; N - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; R - Лекови за третман на болести на респираторен систем; S - Лекови кои делуваат на сензорни органи; V – Останато

Од Графикон 2 се гледа дека повеќе од половина на бројот на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден се однесуваат на лекови за кардиоваскуларните болести.

Од Табела 4 се забележува дека во 2024 година најголеми износи се издвоени за лековите од АТК групите: C–лекови за кардиоваскуларни болести, R-лекови за респираторни болести, АТК група A- лекови кои делуваат на дигестивниот тракт и метаболизам и N-лекови за ЦНС, исто како и предходните години.


Во 2024 година, за лековите од АТК C групата се издвоени приближно 857 милиони денари што претставува 26,2% од вкупно издвоените средства за лекови за оваа година, за лековите за респираторни болести се издвоени 16% од вкупните средства за лекови и се за 10,5% повисоки во однос на преходната година а за околу 18,7% повисоки во однос на 2022 година. За лековите со дејство на дигестивниот систем се издвоени 497 милиони денари или околу 15,2% од вкупните средства за 2024 година. Вкупно за овие три групи на

лекови Фондот потрошил околу 1,87 милијарда денари или 57,4% од буџетот за лекови на рецепт.

Табела 4. Вкупни износи за лекови по АТК групи, прво ниво, 2022– 2024 год. (денари)

Ред. бр.	АТК група на лекови	2022	2023	2024	Удел 2024	Разлика изразена во % 2024/2023	Разлика изразена во % 2024/2022
1	C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	718.685.105	754.516.481	856.981.081	26,20%	13,58%	19,24%
2	R - Лекови за третман на болести на	441.218.724	474.166.602	523.776.294	16,01%	10,46%	18,71%
4	A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и	405.263.035	436.049.317	497.012.287	15,19%	13,98%	22,64%
3	на ЦНС	435.516.031	457.402.809	488.747.380	14,94%	6,85%	12,22%
5	J - Антиинфективни лекови за системска	312.028.230	327.347.835	333.764.152	10,20%	1,96%	6,97%
6	G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и	184.445.701	195.436.880	207.247.263	6,34%	6,04%	12,36%
7	M - Лекови со дејство на коскено мускулен	119.450.221	123.023.767	132.684.709	4,06%	7,85%	11,08%
8	S - Лекови кои делуваат на сензорни органи	56.771.028	59.425.212	64.628.534	1,98%	8,76%	13,84%
10	H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со	43.596.180	42.988.295	49.707.168	1,52%	15,63%	14,02%
9	B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните	44.438.532	42.400.452	43.659.118	1,33%	2,97%	-1,75%
11	L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	37.447.219	39.312.233	38.927.752	1,19%	-0,98%	3,95%
12	D - Дерамтолошки лекови	22.989.878	23.467.628	23.084.400	0,71%	-1,63%	0,41%
13	V - Останато	2.463.198	2.807.532	8.242.828	0,25%	193,60%	234,64%
14	P - Лекови за лекување на инфекции	1.919.515	2.091.273	2.465.486	0,08%	17,89%	28,44%
	Вкупно:	2.826.232.596	2.980.436.315	3.270.928.452	100,00%	9,75%	15,73%

Графикон 3. Потрошувачката на лекови по АТК групи, прво ниво, по вкупни износи, 2022-2024



***Легенда: A** - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; **B** - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; **C** - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; **D** - Дерматолошки лекови; **G** - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; **H** - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; **J** - Антиинфективни лекови за системска употреба; **L** - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; **M** - Лекови со дејство на коскено; **N** - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; **P** - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; **R** - Лекови за третман на болести на респираторен систем; **S** - Лекови кои делуваат на сензорни органи; **V** – Останато*

1.1.2 Потрошувачка на лекови по АТК трето ниво


Според АТК подгрупи на трето ниво, исто како и претходните години, најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите (Инхибитори на ангиотензин конвертирачкиот ензим, АТК код С09А) кои опфаќаат околу 9,63% од вкупниот број на реализирани рецепти, втори се анксиолитиците со околу 9,2% а лековите кои ја намалуваат гликозата во крвта учествуваат со 8,4% во вкупниот број на реализирани рецепти. Десетте најпотрошувани лекови по АТК трето ниво опфаќаат околу 64,5% од реализираните рецепти за 2024 година (Табела 5).

Табела 5. Топ -10 лекови по број на реализирани рецепти по АТК трето ниво и удели, 2024

Реден број	АТК III ниво	Број на рецепти 2024	Удел во вкупниот број на рецепти (%)
1	C09A-Агенси кои делуваат на ренин - ангиотензин системот	2.519.410	9,63%
2	N05B-анксиолитици	2.402.274	9,19%
3	A10B-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта	2.200.530	8,41%
4	A02B-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален	2.115.589	8,09%
5	C10A-агенси за модификација на липиди	2.050.790	7,84%
6	C07A-бета блокатори	1.933.826	7,40%
7	M01A-нестероидни антиинфламаторн и антиревматици	1.108.648	4,24%
8	C09C-блокатори на ангиотензин II	970.710	3,71%
9	C03C-диуретици	798.788	3,05%
10	J01C-бета- лактамски антибактерици, пеницилини	774.381	2,96%
	Вкупно АТЦ трето ниво - Топ 10	16.874.946	64,53%
	Вкупно АТЦ трето ниво - останати лекови	9.275.201	35,47%
	Вкупно	26.150.147	100,00%

Во графикон 4 прикажани се топ 10 групи на лекови по АТК трето ниво за 2024 година, каде се гледа дека во топ три најпотрошувани групи на лекови по број на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден се С10А-агенси за модификација на липиди; С09А-Агенси кои делуваат на ренин -ангиотензин системот; А02В-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс.

Графикон 4. Топ 10 лекови за 2024 година - трето ниво по АТЦ класификацијата на лекови (дневни дози на 1000 осигуреници на ден)



***C10A**-агенси за модификација на липиди; **C09A**-Агенси кои делуваат на ренин -ангиотензин системот; **A02B**-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс; **C09C**-блокатори на ангиотензин II рецептори; **A10B**-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта; **C08C**- Селективни блокатори на калциумови канали[i]; **N05B**-анксиолитици; **G04C**-лекови за бенигна хипертрофија на простата; **C07A**-бета блокатори; **M01A**-нестероидни антиинфламаторн и антиревматици;*

Според вкупните фактурирани износи, најмногу средства се одвоени за лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (С10А) со околу 11,4% од вкупниот износ за лекови фактурирани од ПЗУ аптеките. На второ место се наоѓаат адренергици, инхалатори со над 8,8% во вкупниот износ а на трето место се наоѓаат лековите кои ја намалуваат гликозата во крвта со околу 5,8% од вкупниот износ за лекови на рецепт. Првите топ десет лекови по АТК трето ниво учествуваат со околу 56% во вкупниот износ на товар на ФЗОРСМ (Табела 6).

Табела 6. Топ 10 лекови за 2024 година по АТК трето ниво по износи (во денари)

Реден број	АТК III ниво	Вкупен износ 2024	Удел во вкупниот број на рецепти (%)
1	C10A-агенси за модификација на липиди	373.018.690	11,40%
2	R03A - адренергици, инхалатори	287.159.769	8,78%
3	A10B-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта	190.536.241	5,83%
4	A02B-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс	190.490.176	5,82%
5	G04C-лекови за бенигна хипертрофија	168.538.334	5,15%
6	C09C-блокатори на ангиотензин II рецептори	142.847.174	4,37%
7	R03B- други лекови за обструктивни болести на дишни патишта, инхалатори	131.533.823	4,02%
8	J01D- други бета лактамски антибактерици	126.710.017	3,87%
9	J01C-бета- лактамски антибактерици, пеницилини	114.547.021	3,50%
10	C07A-бета блокатори	113.395.129	3,47%
	Вкупно АТЦ трето ниво - Топ 10	1.838.776.374	56,22%
	Вкупно АТЦ трето ниво - останати лекови	1.432.152.078	43,78%
	Вкупно	3.270.928.452	100,00%


1.1.3 Потрошувачка на лекови по АТК петто ниво

Во 2024 година најкористен лек според бројот на реализирани рецепти е лекот Metformin. Овој лек спаѓа во групата лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта. Овој лек учествува со 7,5% од вкупниот број на реализирани рецепти за 2024 година. Втор најпотрошуван лек е Enalapril, кој спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот наменет за терапија на покачен крвен притисок со 6% од вкуниот број на реализирани рецепти. Лекот со генеричко име Diazepam е на трето место според потрошувачата на лекови и опфаќа 5,2% од вкупно реализираните рецепти. Десетте најпотрошувани генерики на АТК петто ниво опфаќаат 46% од вкупниот број на реализирани рецепти (Табела 7).

Табела 7. Топ -10 лекови по број на реализирани рецепти по АТК петто ниво и удели за број рецепти, 2024 година

Ред.бр	АТК V ниво	Генеричко име	Број на рецепти	Удел во вкупниот број на рецепти (%)
1	A10BA02	METFORMIN	1.961.477	7,50%
2	C09AA02	ENALAPRIL	1.557.883	5,96%
3	N05BA01	DIAZEPAM	1.357.384	5,19%
4	A02BC02	PANTOPRAZOLE	1.332.218	5,09%
5	C07AB07	BISOPROLOL	1.233.505	4,72%
6	C10AA07	ROSUVASTATIN	1.133.012	4,33%
7	C09CA01	LOSARTAN	941.517	3,60%
8	C09AA03	LISINOPRIL	913.064	3,49%
9	C10AA05	ATORVASTATIN	895.334	3,42%
10	C03CA01	FUROSEMID	798.788	3,05%
		Вкупно АТЦ-петто ниво-Топ 10	12.124.182	46,36%
		Вкупно АТЦ-петто ниво-останати лекови	14.025.965	53,64%
		Вкупно	26.150.147	100,00%

Графикон 5. Топ 10 лекови по број на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден, 2024 година



Легенда: ***C10AA07****-Rosuvastatin:* ***C09AA02****-Enalapril;* ***C09CA01****-Losartan;* ***C10AA05****-Atorvastatin;* ***A02BC02****-Pantoprazole;* ***C09AA03****-Lisinopril;* ***A10BA02****-Metformin;* ***C08CA01****- Amlodipine;* ***G04CA02****- Tamsulosin.****N05BA01****-Diazepam;*

Според вкупните фактурирани износи на првата позиција се наоѓа лекот од групата на кардиолошки лекови што го намалуваат нивото на серумски липиди Rosuvastatin. На овој лек отпаѓа 7,4% од вкупниот фактуриран износ за лекови на рецепт во 2024 година. Генеричките лекови Metformin и Formoterol+Beclometasone се наоѓаат на второ односно трето место по износите што се издвоени за овие лекови во 2024 година (Табела 8) .

Табела 8. Топ 10 лекови по потрошувачка според фактурирани износи, 2024 година

Ред.бр	АТК V ниво	Генеричко име	Вкупен износ	Удел во вкупниот износ (%)
1	C10AA07	ROSUVASTATIN	241.348.997	7,38%
3	A10BA02	METFORMIN	152.526.050	4,66%
2	R03AK07	FORMOTEROL+BECLOMETASONE	145.072.037	4,44%
4	C09CA01	LOSARTAN	137.838.054	4,21%
5	C10AA05	ATORVASTATIN	128.438.185	3,93%
6	A02BC02	PANTOPRAZOLE	121.884.114	3,73%
7	J01CR02	AMOXICILLIN + CLAVULANIC ACID	98.758.175	3,02%
8	J01DD08	CEFIXIME	96.542.030	2,95%
9	G04CA02	TAMSULOSIN	91.762.807	2,81%
10	R03BB04	TIOTROPIUM BROMIDE	84.239.139	2,58%
		Вкупно АТЦ-петто ниво- Топ 10	1.298.409.589	39,70%
		Вкупно АТЦ-петто ниво- останати лекови	1.972.518.863	60,30%
		Вкупно	3.270.928.452	100,00%

1.2 Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот

Во 2024 година се бележи зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2023 година во сите подрачна служба на Фондот. Најголем раст на бројот на реализирани рецепти во споредба со предходната 2023 година се бележи во ПС Дебар со околу 9,2% а најмал раст во бројот на реализирани рецепти се јавува во ПС Кичево со скоро 0,2% во однос на 2023 година. Во Табелата 9 е даден преглед на бројот на реализирани рецепти за лекови по подрачни служби на Фондот и споредба на просечниот број на рецепти по осигуреник за 2022, 2023 и 2024 година.

Табела 9. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по подрачни служби на Фондот, 2022-2024 година

Реден број	Подрачна служба	Број на рецепти 2022	Број на рецепти 2023	Број на рецепти 2024	Удел во вкупен број на рецепти 2024	Разлика во број на рецепти 2024/ 2023	Просечен број на рецепти по осигуреник 2022	Просечен број на рецепти по осигуреник 2023	Просечен број на рецепти по осигуреник 2024
1	БЕРОВО	309.506	315.846	319.076	1,22%	1,02%	21,51	22,20	22,38
2	БИТОЛА	1.467.742	1.473.818	1.515.674	5,80%	2,84%	15,78	15,94	16,07
3	БРОД	103.929	110.238	114.659	0,44%	4,01%	14,11	15,20	15,45
4	ВАЛАНДОВО	160.823	175.588	178.683	0,68%	1,76%	16,26	18,00	17,94
5	ВЕЛЕС	837.795	854.658	888.106	3,40%	3,91%	14,78	15,09	15,25
6	ВИНИЦА	230.234	232.403	241.165	0,92%	3,77%	15,13	15,50	15,51
7	ГЕВГЕЛИЈА	580.899	590.120	598.046	2,29%	1,34%	19,53	20,14	20,22
8	ГОСТИВАР	973.448	990.096	1.019.889	3,90%	3,01%	11,10	11,24	11,31
9	ДЕБАР	209.102	214.073	233.746	0,89%	9,19%	9,98	10,16	10,28
10	ДЕЛЧЕВО	391.884	392.284	398.933	1,53%	1,69%	19,36	19,64	19,47
11	ДЕМИР ХИСАР	114.557	114.861	116.614	0,45%	1,53%	18,12	18,22	18,40
12	КАВАДАРЦИ	599.983	611.576	623.833	2,39%	2,00%	14,00	14,34	14,53
13	КИЧЕВО	642.046	641.831	643.207	2,46%	0,21%	15,08	15,05	15,21
14	КОЧАНИ	633.063	636.010	659.849	2,52%	3,75%	16,82	17,08	17,24
15	КРАТОВО	106.021	108.710	112.226	0,43%	3,23%	15,66	16,02	16,04
16	КРИВА ПАЛАНКА	290.601	298.103	312.022	1,19%	4,67%	14,63	15,02	15,07
17	КРУШЕВО	68.923	68.610	70.067	0,27%	2,12%	8,01	7,99	8,07
18	КУМАНОВО	1.557.500	1.580.363	1.643.730	6,29%	4,01%	12,78	12,90	13,03
19	НЕГОТИНО	371.243	371.629	386.023	1,48%	3,87%	19,46	19,40	19,51
20	ОХРИД	929.228	927.395	942.476	3,60%	1,63%	16,70	16,68	16,65
21	ПРИЛЕП	1.290.061	1.303.195	1.348.806	5,16%	3,50%	15,55	15,93	16,03
22	ПРОБИШТИП	199.702	207.137	215.103	0,82%	3,85%	15,72	16,38	16,30
23	РАДОВИШ	268.886	276.027	288.907	1,10%	4,67%	10,33	10,73	10,83
24	РЕСЕН	246.914	248.620	253.301	0,97%	1,88%	15,99	15,93	16,05
25	СВЕТИ НИКОЛЕ	228.975	232.936	236.723	0,91%	1,63%	14,16	14,69	14,79
26	СКОПЈЕ	7.761.499	7.853.624	8.078.390	30,89%	2,86%	12,34	12,41	12,53
27	СТРУГА	741.111	739.879	764.950	2,93%	3,39%	14,11	14,09	14,21
28	СТРУМИЦА	1.204.001	1.225.244	1.276.635	4,88%	4,19%	14,97	15,20	15,37
29	ТЕТОВО	1.784.421	1.830.770	1.932.545	7,39%	5,56%	10,40	10,63	10,77
30	ШТИП	709.292	712.133	736.763	2,82%	3,46%	13,89	14,15	14,19
		25.013.389	25.337.777	26.150.147			13,49	13,66	13,77

Во следната Табела 10 дадена е споредбата на вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2022, 2023 и 2024 година. Од оваа табела може да се види дека најголем удел во износот издвоен за рецепти се бележи во ПС Скопје, ПС Тетово и ПС Куманово.

Табела 10. Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот, по износи, 2022-2024 година

Реден број	Подрачна служба	Вкупен износ (денари) 2022	Вкупен износ (денари) 2023	Вкупен износ (денари) 2024	Удел во вкупен износ 2024	Разлика во износ 2024/2023	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2022	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2023	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2024
1	БЕРОВО	31.166.603	32.891.329	35.745.015	1,09%	8,68%	2.166,30	2.311,57	2.532,95
2	БИТОЛА	155.046.653	162.797.053	179.852.347	5,50%	10,48%	1.666,94	1.760,35	1.960,61
3	БРОД	10.397.591	11.596.533	13.279.817	0,41%	14,52%	1.411,37	1.598,64	1.861,74
4	ВАЛАНДОВО	15.659.429	17.921.055	19.287.460	0,59%	7,62%	1.583,52	1.837,49	1.970,52
5	ВЕЛЕС	91.470.763	96.812.869	107.331.110	3,28%	10,86%	1.613,58	1.709,51	1.915,70
6	ВИНИЦА	23.840.704	25.065.069	27.910.201	0,85%	11,35%	1.567,02	1.671,90	1.862,29
7	ГЕВГЕЛИЈА	58.471.228	62.103.459	66.505.255	2,03%	7,09%	1.965,88	2.118,99	2.278,36
8	ГОСТИВАР	119.594.374	126.561.690	135.009.156	4,13%	6,67%	1.364,22	1.436,62	1.541,90
9	ДЕБАР	23.789.685	25.378.409	30.019.657	0,92%	18,29%	1.135,76	1.204,08	1.441,24
10	ДЕЛЧЕВО	38.641.096	40.064.130	43.686.031	1,34%	9,04%	1.908,58	2.006,01	2.167,83
11	ДЕМИР ХИСАР	10.525.821	10.783.864	11.746.197	0,36%	8,92%	1.664,69	1.710,91	1.881,80
12	КАВАДАРЦИ	72.389.463	78.033.233	85.575.861	2,62%	9,67%	1.688,54	1.830,13	2.033,26
13	КИЧЕВО	71.259.413	74.726.779	80.599.702	2,46%	7,86%	1.673,74	1.751,76	1.910,35
14	КОЧАНИ	69.670.887	72.195.708	78.967.738	2,41%	9,38%	1.851,52	1.939,34	2.140,22
15	КРАТОВО	11.308.492	11.872.794	13.224.545	0,40%	11,39%	1.670,14	1.749,86	1.951,10
16	КРИВА ПАЛАНКА	31.495.804	33.615.145	36.821.359	1,13%	9,54%	1.586,13	1.693,97	1.861,17
17	КРУШЕВО	7.997.059	8.395.288	9.228.828	0,28%	9,93%	929,03	977,79	1.085,23
18	КУМАНОВО	181.028.445	188.759.737	208.624.346	6,38%	10,52%	1.485,65	1.541,05	1.720,64
19	НЕГОТИНО	37.757.368	39.712.046	45.054.429	1,38%	13,45%	1.979,62	2.073,30	2.365,81
20	ОХРИД	108.081.854	113.864.621	123.989.523	3,79%	8,89%	1.942,35	2.048,48	2.225,98
21	ПРИЛЕП	143.533.473	150.229.918	166.254.888	5,08%	10,67%	1.730,22	1.835,95	2.045,01
22	ПРОБИШТИП	20.492.503	22.597.969	25.145.585	0,77%	11,27%	1.612,82	1.786,68	1.978,88
23	РАДОВИШ	33.760.303	36.599.736	41.179.881	1,26%	12,51%	1.296,98	1.423,39	1.615,53
24	РЕСЕН	25.391.584	26.369.413	28.483.606	0,87%	8,02%	1.644,53	1.690,02	1.839,31
25	СВЕТИ НИКОЛЕ	26.124.069	28.236.383	30.095.392	0,92%	6,58%	1.615,79	1.780,24	1.910,82
26	СКОПЈЕ	910.277.430	959.473.713	1.048.986.757	32,07%	9,33%	1.446,89	1.515,70	1.673,46
27	СТРУГА	83.429.908	87.222.483	95.569.866	2,92%	9,57%	1.588,72	1.661,60	1.835,02
28	СТРУМИЦА	129.013.847	136.351.845	151.261.509	4,62%	10,93%	1.604,13	1.691,35	1.898,08
29	ТЕТОВО	199.931.998	211.716.695	234.084.471	7,16%	10,56%	1.164,98	1.229,10	1.376,74
30	ШТИП	84.684.748	88.487.351	97.407.923	2,98%	10,08%	1.658,50	1.758,21	1.941,13
		2.826.232.596	2.980.436.315	3.270.928.452			1.524,06	1.606,33	1.778,13

Просечно во 2024 година се реализирани 13,77 рецепти по осигуреник, додека фактурираниот износ просечно по осигуреник за истиот период изнесува 1.778,13 денари.

1.3 Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици

Со цел рационално пропишување и употреба на лековите, особено за лековите од групата на антибиотици и анксиолитици, Фондот за здравствено осигурување воведе превентивни мерки и активности со цел за унапредување на здравствената состојба, спречување, сузбивање и рано откривање на болести и други нарушувања на здравјето, кои се вршат од страна на избраниот лекар. Здравствените установи за постигнување на превентивните мерки и активности (цели) изготвуваат план на активности. Фондот воведе контролни механизми за избраните лекари преку пресметки врзани за нивните цели.

Заради тоа како дел од анализите за потрошувачката на лекови на товар на Фондот посебно внимание се одвојува на анализа на потрошувачката на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици.

Во Табелата 11 даден е преглед на потрошувачка на лекови на товар на Фондот по број на реализирани рецепти за групата на антибиотици и анксиолитици за период од 2022 до 2024 година.


Табела 11. Реализирани рецепти за антибиотици и анксиолитици, 2022-2024 година

АТЦ	Генеричко име	Број на рецепти 2022	Број на рецепти 2023	Број на рецепти 2024
Антибиотици				
J01AA02	Doxycycline	2.356	1.970	1.521
J01CA04	Amoxicillin	136.702	129.540	124.293
J01CE10	Benzathine phenoxymethylpenicillin	43.235	51.853	22.057
J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	608.508	644.135	628.031
J01DB01	Cefalexin	113.610	116.702	83.163
J01DB05	Cefadroxil	3.995	8.455	1.256
J01DC02	Cefuroxime	77.317	74.572	89.125
J01DC04	Cefaclor	13.277	1.401	682
J01DD08	Cefixime	174.633	174.050	183.414
J01EE01	Sulfamethoxazole+ trimethoprim	26.593	29.164	33.324
J01EE03	Sulfametrole+ trimethoprim	0	0	
J01FA01	Erythromycin	3.804	3.815	4.054
J01FA03	Midecamycin	19.317	16.062	6.155
J01FA09	Clarithromycin	104.765	103.717	110.515
J01FA10	Azithromycin	156.282	167.741	206.702
J01FF01	Clindamycin	38.796	42.054	42.645
J01MA02	Ciprofloxacin	186.328	186.434	179.140
J01MA03	Pefloxacin	19	3	
J01MA06	Norfloxacin	20.634	20.194	12.677
J01MB04	Pipemidic acid	0		
	Вкупно антибиотици	1.730.171	1.771.862	1.728.754
		110,8%	102,4%	97,6%
Анксиолитици				
N05BA01	Diazepam	1.352.396	1.345.509	1.357.384
N05BA08	Bromazepam	381.443	379.312	374.176
N05BA12	Alprazolam	647.877	662.373	670.714
	Вкупно анксиолитици	2.381.716	2.387.194	2.402.274
		98,2%	100,2%	100,6%

Од Табелата 11 може да се види дека во 2024 година има намалување на вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на антибиотици и тоа за околу 2,4% во однос на 2023 година. По број на реализирани рецепти, значително е намалена потрошувачката на генеричките лекови INN Cefadroxil кој има драстичен пад на потрошувачката (околу 85% помал број на реализирани рецепти), INN Midecamycin (има пад за околу 62%) и INN Cefaclor (околу 51,3% помал број на реализирани рецепти). Намалената потрошувачка на генеричкиот лек Benzathine phenoxymethylpenicillin е од причина што лекот не се наогаше на фармацевтскиот пазар во нашата држава во дел од анализираниот период. Зголемена потрошувачка најмногу се забележува кај генеричките лекови INN Azythromycin за околу 23% во споредба со 2023 година, INN Cefuroxime се забележува зголемување од околу 20% и на трето место е INN е Sulfamethoxazole+ trimethoprim со зголемување од околу 14%.

На прво место според бројот на реализирани рецепти се наоѓа лекот со генеричко име Amoxicillin + clavulanic acid, исто така и според бројот на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден (Графикон 6).


Графикон 6. Потрошувачка на антибиотици по дневна доза на 1000 осигуреници на ден, 2022 – 2024година



Според податоците за потрошените дневни дефинирани дози на лековите на 1000 осигуреници на ден, кај антибиотиците со INN Cefuroxime, Azithromycin и Sulfamethoxazole+trimethoprim има зголемување на потрошувачката. Намалување на потрошувачката на антибиотици според потрошените дневни дефинирани дози на лековите на 1000 осигуреници на ден се забележува најмногу кај антибиотиците со INN Cefadroxil, Midecamycin и Cefaclor.

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на анксиолитици во 2024година бележи мало зголемување во однос на 2023 година за околу 0,6%. Пад на бројот на рецепти има кај генеричкиот лек Bromazepam, а кај гененричките лекови Diazepam и Alprazolam се бележи зголемување (Табела 11). Исто така, бројот на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден е намален кај генеричкиот лек Bromazepam, а кај гененричките лекови Diazepam и Alprazolam се бележи зголемување (Графикон 7).

Графикон 7. Потрошувачка на анксиолитици, по број на* дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден*, 2022- 2024 година



Од Табелата 12 може да се забележи дека во 2024 година има зголемување на вкупниот фактуриран износ кај лековите од групата на антибиотици и тоа за приближно 0,5%, односно околу 1,6 милиони денари повеќе одвоени средства во однос на претходната 2023 година, додека кај анксиолитиците има зголемување на износот за приближно 2%, споредено со 2023 година, односно за оваа група на лекови во 2024 година се одвоени околу 1,06 милион денари повеќе во однос на 2023 година.

Табела 12. Потрошувачка на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за 2022-2024 година

АТЦ	Генеричко име	Вкупен износ 2022	Вкупен износ 2023	Вкупен износ 2024
Антибиотици				
J01AA02	Doxycycline	40.312	34.458	51.712
J01CA04	Amoxicillin	8.615.131	7.773.167	7.139.886
J01CE10	Benzathine phenoxymethylpenicillin	14.307.440	17.347.440	8.648.961
J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	87.591.018	97.570.747	98.758.175
J01DB01	Cefalexin	12.211.042	12.738.522	9.204.128
J01DB05	Cefadroxil	1.030.680	2.030.687	332.522
J01DC02	Cefuroxime	17.052.591	16.880.363	20.501.028
J01DC04	Cefaclor	2.385.885	261.622	130.310
J01DD08	Cefixime	89.151.262	89.940.294	96.542.030
J01EE01	Sulfamethoxazole+ trimethoprim	1.541.038	1.706.462	2.373.207
J01FA01	Erythromycin	646.070	667.479	735.269
J01FA03	Midecamycin	3.436.511	2.754.433	1.034.151
J01FA09	Clarithromycin	24.500.089	23.979.972	26.828.829
J01FA10	Azithromycin	16.471.582	18.107.300	22.178.606
J01FF01	Clindamycin	6.607.490	7.297.889	7.536.901
J01MA02	Ciprofloxacin	11.037.926	11.243.425	10.968.586
J01MA03	Pefloxacin	4.058	641	
J01MA06	Norfloxacin	2.802.850	2.793.476	1.784.531
	Вкупно антибиотици	299.432.975	313.128.376	314.748.831
		98,2%	104,6%	100,5%
Анксиолитици				
N05BA01	Diazepam	27.727.426	27.984.026	28.533.502
N05BA08	Bromazepam	6.467.155	6.547.114	6.571.176
N05BA12	Alprazolam	15.327.613	16.115.755	16.604.479
	Вкупно анксиолитици	49.522.194	50.646.895	51.709.157
		98,4%	102,3%	102,1%

Заклучоци

Врз основа на резултатите од спроведените анализи на достапните податоци за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот за 2024 година, може да се заклучи дека генерално има пораст на потрошувачката на лековите на рецепт од Листата на лекови кои се на товар на Фондот, што укажува на добро обезбедување на осигурениците со лекови на рецепт во рамки на моменталната структура на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, како и според пазарните и другите услови во дражавата кои влијаат на потрошувачката на лекови.

- Постои континуиран тренд на зголемување на снабдувањето со лекови на рецепт на осигурениците на ФЗОРСМ. Со зголемувањето на количините на обезбедените лекови и соодветно вкупните износи за лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ бележат значаен пораст во периодот 2016 до 2024 година од околу 17,4% и 24,6%

- Во 2024 година на товар на ФЗОМ во аптеките се реализирани 26,15 милиони рецепти, со вкупен износ на товар на Фондот од 3,27 милијарда денари.

- Најпотрошувани лекови во 2024 година на АТК прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден и по износи.

- Најпотрошувани лекови во 2024 година на АТК трето ниво според број на реализирани рецепти се С09А- АЦЕ инхибиторите.

- Во однос на потрошувачката по број на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден и издвоени средства на лековите по АТК трето ниво, најмногу се издвоени за лековите од С10А – агенси за модификација на липиди.

- Најкористен лек на АТК петто ниво во 2024 година според бројот на реализирани рецепти, е лекот Metformin со вкупно 1,96 милиони реализирани рецепти, што претставува околу 7,5 % од вкупно реализирани рецепти.

- Според бројот на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден во 2024 година, според АТК петто ниво најкористен е лекот Rosuvastatin со околу 88,29 ДДД/1000 осигуреници/ден.

- Според АТК петто ниво, најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Rosuvastatin со вкупно 241,3 милиони денари.

- Најголема потрошувачка има преку аптеките на територија на ПС Скопје (град Скопје и околината) каде се реализирани вкупно 8.078.390 рецепти (околу 31%) во вкупен износ 1.048.986.757 денари (околу 32%).

- На ниво на РСМ во 2024 година просечно се реализирани околу 13,77 рецепти по осигуреник.

- Најмногу рецепти по подрачни служби по осигуреник се реализирани во Подрачните служби Берово и Гевгелија со просечно околу 22,38 односно 20,22 рецепти по осигуреник.

- На државно ниво, во 2024 година за лекови на рецепт просечно Фондот платил по 1.778,13 денари по осигуреник.

- Најмногу средства по осигуреник за лекови на рецепт се издвоени во Подрачните служби Берово - со околу 2.533 денари и Неготино со 2.366 денари.

- Бројот реализирани рецепти за лековите од групата антибиотици во 2024 година е намален за 2,4% во однос на предходната 2023 година, додека потрошувачката на анксиолитици по број на реализирани рецепти е зголемен незначително за 0,6% во однос на предходната 2023 година.

- Од анализата на потрошувачката по број на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден, најмногу единици се издадени за антибиотикот Amoxicillin + clavulanic acid со вкупно 6,17 број на дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден. Од групата на анксиолитици најпотрошуван е лекот со генеричко име Diazepam кој има потрошувачка од 21,70 дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден.

- Вкупниот издвоен износ за лековите од групата антибиотици и анксиолитици во 2024година е зголемен за околу 0,5% и 2% во однос на предходната 2023 година.